НА СКОПСКО ЛЕТО

## "Ангели и демони" и "Мадагаскар 2" во кафе киното

Во кафе киното во забавниот парк "Луна", вечерва во 21 часот ќе се прикаже филмот "Ангели и демони" на режисерот Рон Хауард, кој е работен според романот на Ден Браун. Играат: Том Хенкс, Јуан Мек Грегор и Ајлет Зурер.

Утре во 21 часот е анимираната комедија "Мадагаскар 2: Бегство од Африка" во режија на Ерик Дарнел и Том Мек Грет. Гласовите се на Бен Стилер, Крис Рок, Саша Барон Коен, Алек Болдвин и Дејвид Швимер. Филмот имаше две номинации за анимираните филмски награди "Ени".

УТРЕ ВО КРУШЕВО

## Ќе се промовира првиот етноград на Балканот

Утре во Крушево за првпат ќе се отвори манифестација "Крушево етноград", проект со кој се сака овој наш познат историски и потенцијален туристички центар повторно да заживее и да стане прв етноград во Европа. Манифестацијата ќе биде една претстава под отворено небо, ќе го врати Крушево во 1903 година. Почетокот е закажан во 18 часот пред споменикот Илинден од каде ќе тргне голема парада на преку 800 учесници.

Според замислата на идејниот творец на "Крушево етноград" Ранко Петровиќ - Бубамара, околу 300 крушевчани облечени во комитски и аскерски костими заедно со сите гости: естрадни и други уметници, политичари, меѓу кои и еврокомесарот Ерван Фуере, министерката за култура Елизабета Канческа - Милевска, странските амбасадори во земјава, ќе се најдат во дефилето, а кај споменикот во Крушево ќе ја проследат програмата на бројните културно-уметнички друштва. Манифестацијата "Крушево етноград" со разни содржини за промоција на културата и туризмот ќе продолжи и ќе трае и во август. *(Д.С.)*

ВИКЕНДОВ НА ОХРИДСКО ЛЕТО

# Две балетски премиери и "Нора" на Харис Пашовиќ

На Охридско лето, вечерва во 21 часот во Античкиот театар, ќе се изведат две балетски премиери од италијанскиот кореограф Рафаел Бјанко. Македонскиот балет ќе го изведе "Свирепа игра" со музика од Кејџ, Бах и традиционални јапонски тапани. Тоа е всушност првиот дел од балетот "Дајте ни мир", кој премиерно беше изведен во февруари годинава. Тогаш уметничкиот директор на Балетот Киро Павлов рече дека намерно се поставува прво вториот дел оти првиот дел бил многу подинамичен и технички посложен.

Играат 9 танчари од компанијата "Егри Бјанко Данца" од Италија, а од Македонија: Александра Мијалкова, Мими Поп Алексова, Јан Кисилев, Бобан Ковачевски, Дмитро Чеботар, Саша Ефтимова, Ивана Коцевска и Игор Веланоски.

Втората балетска претстава е светска премиера на "Човечки авантури" во продукција на балетската компанија "Егри Бјанко Данца" од Италија, посветена на неодамна починатата легендарна танчарка и кореографка Пина Бауш.

Утревечер во 21 часот во предворјето на Света Софија ќе се изведе претставата "Нора" од Хенрик Ибзен, на познатиот режисер Харис Пашовиќ од Ист- вест центарот од Босна и Херцеговина. Драмата "Нора" е напишана во 1979 година и опфаќа уметнички периоди: од надреализам до постмодернизам, а посебно ја третира темата за еманципација на жената. *(Б.Н.)*



*Сцена од "Нора" во режија на Харис Пашовиќ (недела, 21 ч. Предворје на "Св.Софија")*

ПО НАГРАДАТА ВО КОТОР, ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ, ДИРЕКТОРОТ НА ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ

# "Ако не е гран-при не го ни спомнуваме"

"Театарот за деца и младинци добива толку многу награди што ако не е гранпри не ги ни спомнуваме. Воздишки за претставата имаше уште со кревањето на завесата, па речиси и бевме сигурни дека заминуваме со главната награда", рече директорот на Театарот Љубомир Чадиковски на вчерашната прес - конференција во Министерството за култура, а одржана во чест на највисоката награда на Фестивалот во Котор.

Претставата е во режија на Боњо Лунов, а во претставата учествуваат Ана Левајковиќ која колегите ја пофалија како најзаслужна за добивање на наградата и Тања Кочовска, Предраг Павловски, Катарина Илиевска, Владимир Лазовски, Драган Довлев и Винета Дамческа.



Асистент на режија и драматург на претставата е Маја Енчева. Кореографијата и изборот на музиката е на Константин Каракостов, а автор на куклите, сценографијата и на костимографијата е Дилјана Прванова.

Театарот за деца и младинци најави претстојна мини турнеја низ Македонија со "Македонски приказни" која ќе се игра на плоштадите во Виница, Струмица и Пробиштип.

*(И.И.)*